| 1 | ОТВОРЕН КАНАЛ АРМ | 300.999,00 | | | | | 300.999,00 |
| | ул. ЃОРГИ ДИМИТРОВ | 176.775,00 | 106.065,оо | 53.032,50 | 17.677,50 | | 353.550,00 |
| 2 | ул. 11-ти ОКТОМВРИ | 70.805,90 | 38.621,40 | | 19.310,70 | | 128.738,00 |
| 3 | нас СТРЧИН | 300.000,00 | 200.000,00 | 100.000,00 | | | 600.000,00 |
| 4 | СТРЧИН ОСНОВНИ ОСТАТОК ОД ХИДРОТЕЈА | 43.623,50 | 38.776,50 | 9.694,00 | 4.847,00 | | 96.941,00 |
| 5 | УЛИЦИ ВО д. ОРИЗАРИ-2 УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ | 105.280,00 | | | | | 105.280,00 |
| 6 | УЛ.16-та | 317.844,80 | | | 136.219,20 | | 454.064,00 |
| 7 | УЛИЦИ ВО с. КРКЛИНО | 35.556,00 | | | | | 35.556,00 |
| 8 | УЛИЦИ ВО с. ЃАВАТО | 59.000,00 | | | | | 59.000,00 |
| 9 | СТРЧИН ВТОРА ФАЗА | 1.100.000,00 | 600.000,00 | 300.000,00 | | | 2.000.000,00 |
| 10 | КРУЖЕН ТЕК СОКОТАБ | 250.000,00 | 150.000,00 | 100.000,00 | | | 500.000,00 |
| 11 | М5 КОРЕКЦИЈА И ДОПОЛНУВАЊЕ (ОД ПРИЛЕП И КОН РЕСЕН) | 450.000,00 | 270.000,00 | 135.000,00 | 45.000,00 | | 900.000,00 |
| 12 | ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗ КАЈ С. КАЖАНИ ДО С.ДОЛЕНЦИ | 550.000,00 | | | | | 550.000,00 |
| 13 | ПРОШИРУВАЊЕ НА МОСТ НА Р. ШЕМНИЦА ВО С.ЛЕРА | 300.000,00 | | | | | 300.000,00 |
| 14 | АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С. ОСТРЕЦ | 176.000,00 | | | | | 176.000,00 |
| 15 | КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ВО С. ОСТРЕЦ | | 176.000,00 | | | | 176.000,00 |
| 16 | с.ЕГРИ | 81.000,00 | | | | | 81.000,00 |
| 17 | с. ДРАГАРИНО (кај црквата) | 192.000,00 | | | | | 192.000,00 |
| 18 | с.РОТИНО | 175.000,00 | | | | | 175.000,00 |
| 19 | с.БАРЕШАНИ | 180.000,00 | | | | | 180.000,00 |
| 20 | с. МАГАРЕВО-ТРНОВО | 182.898,00 | | | | | 182.898,00 |
| 21 | с. ДИХОВО (пред мост кај филтерница) | 195.000,00 | | | | | 195.000,00 |
| 22 | с.ЛАЖЕЦ (пат до црквата) | 177.000,00 | | | | | 177.000,00 |
| 23 | с.КРЕМЕНИЦА (една улица) | 195.000,00 | | | | | 195.000,00 |
| 24 | с. МЕЦИТЛИЈА | 185.000,00 | | | | | 185.000,00 |
| 25 | с. ЖАБЕНИ | 225.000,00 | | | | | 225.000,00 |
| 26 | Ул. „АСНОМ“ | 77.412,50 | 35.187,50 | 21.112,50 | 7.037,50 | | 140.750,00 |
| 27 | Ул. „Стив Наумов“ | 163.062,00 | 108.708,00 | | | | 271.770,00 |
| 28 | КРСТОСНИЦА КАЈ ТРИАНГЛ (ПАРТИЗАНСКА со МАКЕДОН. ГЕМИЏИИ) | 338.778,00 | 237.144,60 | 101.633,40 | | | 677.556,00 |
| 29 | с. БУКОВО | 850.000,00 | 602.000,00 | | | | 1.452.000,00 |
| 30 | Л.П. Ново Змирново-с. Црнобуки | 50.000,00 | | | | | 50.000,00 |
| 31 | Л.П. С. Барешани | 420.000,00 | | | | | 420.000,00 |
| 32 | Л.П. Брусник | 520.000,00 | | | | | 520.000,00 |
| 33 | КРУЖЕН ТЕК КАЈ ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ | 242.500,00 | 169.750,00 | 72.750,00 | | | 485.000,00 |
| 34 | Улици во с. Раштани | 410.000,00 | | | | | 410.000,00 |
| 35 | Проекти за рушење на оштетени објекти и постојни објекти | | | | | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 36 | Проекти за партерно уредување на школски дворови во ОУ и СЦУ | | | | | 550.000,00 | 550.000,00 |
| 37 | Санација и реконструкција на објекти во сопственост на општина Битола | | | | | 1.126.775,00 | 1.126.775,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 | Планска документација за проект „Пречистителна станица на општина Битола“ финансиран од ИПА прог на ЕУ) | 1.130.132,00 | 3.900.000,00 | | | | 5.030.132,00 |
| 39 | Ентериерно уредување со акустика на Кино Манаки | | | | | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 40 | ул Борис Кидрич-13-ти Јили | 218.400,00 | 109.200,00 | 109.200,00 | 109.200,00 | | 546.000,00 |
| 41 | Ул. позади Кеопс-Декорпод | 46.000,00 | 46.000,00 | 46.000,00 | 46.000,00 | | 184.000,00 |
| 42 | ул.Реонски пазар-Михајло Андоновски | 90.000,00 | 45.500,00 | 45.500,00 | 45.500,00 | | 226.500,00 |
| 43 | 35 кв кабел околу Стадион | | | | 1.000.000,00 | | 1.000.000,00 |
| 44 | ул. „Ари Ангеловски„ | 400.000,00 | | | | | 400.000,00 |
| 45 | ул. Довлеџик | 600.000,00 | 250.000,00 | 250.000,00 | 200.000,00 | | 1.300.000,00 |
| 46 | Мост на р. Драгор на ул.Довлеџик | 500.000,00 | | | | | 500.000,00 |
| 47 | ул. Зборска | | | | | | |
| 48 | ул. Сррмашево | | | | | | |
| 49 | ул.Неготино | | | | | | |
| 50 | ул.7-ми Јули | | | | | | |
| 51 | ул. Панде Кајзерот | | | | | | |
| 52 | ул. 2-ри Август | | | | | | |
| 53 | ул.10-та | | | | | | |
| 54 | ул.11-та | | | | | | |
| 55 | карк од ул. Козјак | | | | | | |
| 56 | ул.„15-ти Корпус„ | 300.000,00 | 150.000,00 | 150.000,00 | 150.000,0о | | 750.000,00 |
| | ВКУПНО | 12.380.066,70 | 7.232.953,00 | 1.493.922,40 | 1.780.791,90 | 2.176.775,00 | 25.064.509,00 |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работата на Комисијата за еднакви можности 2017 година

1. Ја објавувам Програмата за работата на Комисијата за еднакви можности 2017, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1471/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.12.2016 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2017

### 1. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ

Главната цел на оваа Програма е зајакнување на економската положба на жените во Општина Битола. Зајакнување на економската положба на жените ќе придонесе за унапредување на севкупниот социо - економски развој на општината. Еднаквите можности и родовата рамноправност ќе овозможат вклучување на жените во главните општествени текови и нивен зголемен придонес за општата благосостојба во општината.

**Стратегиска цел 1. Олеснет пристап на жените до пазарот на трудот**

Оваа цел ќе се постигне преку следните резултати и активности:

**1.1.** Зајакната способност на жените за прилагодување на потребите на пазарот на трудот.

Во соработка со АВРМ и граѓанските организации, КЕМ ќе обезбеди кариерно

советување за невработените жени. Ќе биде обезбедена канцеларија и стручни лица кои ќе даваат кариерно советување за невработените жени, согласно побарувачката на пазарот на трудот и нивните лични афинитети, способности и интереси. Граѓанските организации ќе ја информираат целната група за достапната услуга. Дополнително ќе бидат спроведени работилници со невработените жени за да се укаже на значењето на кариерното советување и да се обезбедат совети во насока на зголемување на нивната вработливост.

Ќе биде изработена и емитувана кампања преку видео спот и флаери за поттикнување на практиканството, со што ќе се влијае на мотивацијата и на работодавачите и на невработените жени за искористување на оваа можност. Видео-спотот и флаерите ќе ги акцентирааат придобивките за двете страни.

**1.2.** Намален број огласи со дискриминаторски елементи

Ќе биде организирана кампања за подобрување на транспарентноста на постапките за вработување. Преку трибини и дистрибуција на лифлет/брошура ќе биде нагласено значењето на транспарентноста во процесот на регрутација квалитетни вработени. КЕМ и граѓанските организации ќе ги следат огласите за вработување огласени преку АВРМ, медиумите, агенциите за вработување и сл., и ќе изработат анализа за нивната усогласеност со постојната законска легислатива за спречување и заштита од дискриминација. Извештајот ќе содржи препораки за работодавачите засновани на добри практики и ќе биде јавно промовиран.

Во соработка со АВРМ, граѓанските организации и Стопанската комора ќе биде изработен, испечатен и јавно промовиран водич за ефективно вработување засновано на еднакви можности. Водичот ќе понуди аргументи дека еднаквите можности ги поттикнуваат профитното работење и ќе содржи практични совети за работодавачите како да обезбедат еднакви можности за сите при вработување и во секојдневното работење. Ќе бидат вклучени примери на добри практики кои го применуваат принципот на еднакви можности во секојдневното работење.

**1.3.** Зголемено користење на владините мерки за вработување од страна на жените

Во соработка со АВРМ и граѓанските организации, КЕМ ќе иницира и спроведе истражување и анализа за информираноста на невработените жени за понудените владини мерки за вработување. Информираноста и потребите на жените од руралните подрачја ќе бидат вклучени во истражувањето. Извештајот од истражувањето ќе биде отпечатен и промовиран. Тој ќе содржи препораки за јавниот и за граѓанскиот сектор за координирана работа во насока на подобрување на информираноста на невработените жени. Врз основа на наодите од извештајот, ќе бидат спроведени активности за афирмација и промоција на можностите што ги нудат владините мерки за вработување. Оваа активност ќе има кампањски карактер и ќе се одвива низ неколку форми: трибини, работилници, изработка и дистрибуција на флаери, огласи, гостувања и соработка со медиумите итн. КЕМ, АВРМ и граѓанските организации ќе настапат заеднички во реализацијата на овие чекори.

**Стратегиска цел 2. Зголемен број жени претприемачи**

Ќе бидат преземени мерки за да се поттикне самовработувањето, т.е. започнувањето сопствен бизнис и регистрирањето на жените од руралните средини како земјоделки. Овие активности ќе бидат спроведени во соработка со граѓанските организации, АВРМ и АФПРЗЗ, Локален акциски план за економско јакнење на жената во Општина Битола 2016-2017, кои ќе ги презентираат постојните можности. Се очекува да бидат постигнати следните резултати:

**2.1.** Зголемен интерес на невработените жени за сопствен бизнис (самовработување)

Четири пати годишно ќе бидат организирани отворени денови за жени-претприемачки, со цел да се промовираат добрите практики и позитивните примери. Настаните ќе претставуваат можност за споделување и размена на информации искуства помеѓу невработените и женитепретприемачки кои основале и успешно водат сопствен бизнис. Особено ќе се обрне

внимание на презентирањето позитивни примери на претприемачки кои сопствените бизниси ги започнале со поддршка од владините (или други) мерки за самовработување. КЕМ, во соработка со граѓанските организации и бизнис секторот, ќе нуди поддршка на старт-ап бизниси на жени. На заинтересираните ќе им биде понудена обука за развој на бизнис-планови. Ќе бидат организиран конкурс за најдобрите старт-ап планови, на којшто најдобрите учеснички ќе добијат парични награди (т.е. финансиска поддршка за реализација на идејата) и промоција.

**2.2.** Зголемен број жени-регистрирани земјоделки

Ќе бидат организираат промотивни настани за информирање на граѓанките и граѓаните од руралните средини за постојните можности за жените-земјоделки. Исто така, ќе биде понудена едукација – практични обуки за потребните чекори што жените треба да ги преземат за да се регистрираат како земјоделки и да се пријават за користење на државните субвенции и поволности.

**Стратегиска цел 3. Зголемени можности за кариерен напредок на жените**

Ќе се влијае врз јавната свест која честопати знае да биде ограничувачки врз кариерниот напредок на жените. Истовремено ќе се поттикне дискусија за потребната поддршка што им е потребна на вработените жени за нивниот кариерен напредок. Постигнувањето на оваа цел се очекува преку следните резултати:

**3.1.** Зајакната свест за потребата и предностите на обезбедувањето еднакви можности за жените и мажите

Ќе биде спроведена мини-кампања за надминување на стереотипите и предрасудите кон жените од аспект на традицијата, религијата и етиката. Локалните медиуми ќе бидат клучните партнери кои ќе овозможат емитување на видео-спотот што ќе се изработи за оваа намена. Ќе бидат изработени и дистрибуирани лифлети. Ќе бидат организирани јавни настани за промовирање на позитивни примери-жени кои оствариле успешни кариери кои ќе разменуваат мислења и искуства со присутните граѓани и граѓанки.

**3.2.** Промовирана потребата за достапни сервиси за поддршка на вработените жени во извршување на семејните обврски

Ќе биде направена анализа на потребата од достапни сервиси за поддршка на вработените жени во извршувањето на семејните обврски (пример: градинки со флексибилно работно време, згрижување на возрасните членови на поширокото семејство и сл.). Извештајот од анализата ќе содржи препораки за потребните чекори да се обезбедат бараните сервиси на локално ниво. Од друга страна, јавноста и во прв ред бизнис секторот ќе бидат информирани за потребата и можностите за достапни сервиси за поддршка на вработените жени. Особено внимание ќе биде посветено на достапните владини субвенции и можностите за јавно-приватно партнерство на ова поле. Овие активности ќе бидат направени во директна соработка со стопанската комора и бизнис секторот.

**Стратегиска цел 4. Подобрена соработка помеѓу клучните актери за родова рамноправност**

Зајакнувањето на соработката ќе овозможи координација и синергија во делувањето на Општина Битола, јавните институции во општината (локалните и подрачните единици на националните институции) и граѓанскиот сектор за родова рамноправност на локално ниво. Подобрувањето на видливоста на КЕМ ќе ја поттикне соработката со бизнис секторот.

Оттука, оваа цел се очекува да биде постигната преку следните резултати:

**4.1.** Подобрена соработка помеѓу граѓанскиот и јавниот сектор за родова рамноправност

КЕМ ќе организира редовни состаноци на претставници на општинската администрација јавните институции во општината (локалните и подрачните единици на националните институции) и граѓанскиот сектор, активни на полето на родовата рамноправност. Исто така, КЕМ ќе обезбеди вклучување на граѓанските организации во одлучувањето на општинско ниво за родово сензитивните прашања, преку кон-

султации и дебати. Третата мерка опфаќа јакнење на капацитетот на КЕМ, Општина Битола и јавните институции за подготовка, спроведување и администрирање на проекти финансирани од фондовите на ЕУ. Со надворешна експертска поддршка ќе бидат развиени пријави (проекти) кои ќе бидат поднесени до механизмите за финансирање со ЕУ. Дополнително, обучените институции и партнерски граѓански организации самостојно ќе развијат и други проекти (без експертска поддршка), што ќе овозможи практична примена на стекнатите знаења. Сите проекти ќе бидат развиени во партнерство со граѓански организации кои ќе учествуваат во нивното спроведување.

**4.2.** Подобрена промоција на КЕМ

За промовирање на сопствените активности, КЕМ ќе преземе неколку активности: Ќе биде изработен промотивен лифлет за објаснување на улогата и задачите на комисијата. КЕМ ќе воспостави практика на изработка на квартален е-информатор што ќе биде дистрибуиран до поширок круг заинтересирани актери на локално и национално ниво. Дел од промотивните активности ќе бидат спроведувани на социјалните мрежи (Фејсбук). Конечно, КЕМ ќе ја продолжи воспоставената добра соработка со локалните медиуми за презентирање на сопствените активности, вклучувајќи ги активностите предвидени во овој акциски план.

**Стратегиска цел 5. Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола**

**5.1.** Зголемено учество на жените во процесот на донесувањето на одлуки

Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници и обуки.

**5.2.**Учество на жените во политика

Дебати, обуки, работилници, воспоставување соработка со граѓанскиот сектор за важноста на учеството на жената во јавниот и политичкиот живот.

**Стратегиска цел 6. Родова еднаквост преку образование**

**6.1.** Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта

**6.2.** Премостување на родовиот јаз во технички науки

**Стратегиска цел 7. Родова еднаквост преку култура**

**7.1.** Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март

**7.2.** Прослава на ден на мајката и ден на таткото

**7.3.** Поставување на претстави од женски автори

**Стратегиска цел 8. Родова еднаквост преку медиуми**

**8.1.** Истражувачки стории за нерамноправност

**8.2.** Обука за новинари за родова еднаквост

**Стратегиска цел 9. Родова еднаквост преку здравство**

**9.1.** Подигање на свест за репродуктивно здравје

**9.2.** Превенција од сексуални болести ХИВ/СИДА

**Стратегиска цел 10. Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе**

**10.1.** Организирање на посебен тип на обуки за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за отварање на сопствен бизнис и давање на мали грантови

**10.2.** Отварање на целодневна СОС телефонска линија за жртвите на насилство.

**Стратегиска цел 11. Родова еднаквост преку комунални дејности**

**11.1.** Унапредување на јавно осветление

**11.2.** Уредување на дворовите на детските градинки

**Вкупен буџет за реализација на оваа Програма е 700.000,00 ден. учество на Општина Битола**

Оваа Програма ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“

Бр.09-125/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата на Општина Битола за туризмот за 2017 година

1. Ја објавувам Програмата на Општина Битола за туризмот за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1471/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2016 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## на Општина Битола за туризмот за 2017 година

### „Битола, атрактивна туристичка дестинација“

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р.Грција членка на ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA, блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.),културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки , иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата , „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

### 1. Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.

Досегашното искуство покажа дека постоењето на информативно-туристичко биро или пункт е основен стандард во сите развиени туристички средини. Освен промотивната функција како објект, неговата улога е информативно-промотивна како кон туристичките посетители така и кон туристичките субјекти од градот: давање на информации за сместување, посета на знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др), влезници за настани и манифестации, објекти, продажба на туристичка мапа, водич, разгледници и сл.

Во зависнот од развојот на ситуацијата обврските и активностите на инфо бирото можат да се зголемуваат во правец на подобрување на туристичката промоција на Битола односно ова биро да ја игра улогата на извршно тело на програмата за развој на туризмот.

Функцијата на бирото налага истото да биде лоцирано на препознатлива локација во централното градско јадро (искуствата покажаа дека е добро да биде со излог, достапен и во објект со културно-историско значење ) или слична атрактивна локација.

**2. Промотивни активности**

**Опис на активности**

- Издавање на туристички брошури
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола-ТИМ
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization – имплементација,
- Мапирање и промовирање на локални знаменитости (Стара турска чаршија, антички град Хераклеја, Музеј на град Битола, Градскиот часовник со Широк Сокак, „Меморјален парк на Евреите од Битола“ и др)

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и анимирање на посетители и сл. Добро подготвената промотивна стратегија, квалитетно публикуваните промотивни материјали, нивната соодветна дистрибуција , се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

**Имплеменатција: Февруари-Октомври**

**3. Инфраструктурни проекти и инвестиции**

**Опис на активности**

- Проект за ревитализиација на старата чаршија - соработка на Општина Битола Мин.за култура
- Туристичка сигнализација 2 фаза
- Изградба на велосипедски патеки по ДУП.
- Поддршка на иницијативи за уредување и промовирање на нови микро локации за туристички излетишта
- санирање на постоечки инфо киосци (3)

Дел од наведените проектни активности во делот на инфраструктура се предвидени како развојна компонента или фазно започнати во предходниот период , а ќе се реализираат во наредниот развоен приод во зависност од можностите. Дел од активностите се опфатени со програмите на другите одделенија надлежни за инфраструктура и сообраќај.

**4. Тековни активности на одговорните лица за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др.со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл. во насока на подобрување на условите за работа во областа на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.
- Одржување на база на податоци на туристички субјети и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за туризам во Општина Битола за 2017 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 725939 | Останати неоданочни приходи | **1.300.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **1.300.000,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## на Програмата за туризам во Општина Битола за 2017 година

| Ред. Бр. | Про–грама Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 424210 | **Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.** | **400.000,00** |
| 2 | 425 920 | **Промотивни активности** | **600.000,00** |
| 3 | 480 (140,190) | **Инфраструктурни проекти и инвестиции (мапирање, опрема)** | **220.000,00** |
| 4 | 426 (310,410) | **Тековни активности на одговорните лица (посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинари, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола.** | **80.000,00** |
| | | **ВКУПНО**: | **1.300.000,00** |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Бр.09-125/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Измените и дополнувања на Програмата на Општина Битола за туризмот за 2015 - 2017 година

1. Ги објавувам Измените и дополнувањата на Програмата на Општина Битола за туризмот за 2015 - 2017 година, донесени на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2016 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1471/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2016 година, донесе

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА на Општина Битола за туризмот за 2015 - 2017 година

### „Битола, атрактивна туристичка дестинација“

Општина Битола со својата местоположба (непосредната близина со Р. Грција членка на ЕУ, поставеноста на историски важната рура, позната како патот VIA EGNATIA,

блискоста до охридскиот и солунскиот аеродром, природото богатството (планината Баба со единствена флора и фауна, потенцијалите за развој на зимските спортови итн.), културните атрактивности (богатата историјата и традиција, културни споменици и знаменитости, манифестации и фестивали) ги има сите предуслови за развивање на туризмот како еден од најважите двигатели на општествениот развој.

Тому поради ова Општина Битола во стратегијата за социо-економски развој особен акцент му придава на развојот на туризмот како глобален тренд и гранка со исклучителен потенцијал и можности. Во тој контекст оваа предлог програма нуди низа мерки, активности, проекти и иницијативи чија цел е динамичен и комплементарен развој на туризмот во Општина Битола.

Постигнувањето на таа цел е можно со мобилизирање на сите потенцијали и субјекти во правец на подигање на нивото на организациска поставеност, координација, стандардизација, валоризација и промоција на на туристичките потенцијали поставувајќи ја Битола на врвот на мапата на туристичките дестинации во регионот.

Во продолжение се претставени сет на активности, мерки , иницијативи и проекти кои во правец на постигнување на визијата, „Битола, атрактивна туристичка дестинација“.

**1. Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.**

Досегашното искуство покажа дека постоењето на информативно-туристичко биро или пункт е основен стандард во сите развиени туристички средини. Освен промотивната функција како објект, неговата улога е информативно-промотивна како кон туристичките посетители така и кон туристичките субјекти од градот (давање на информации за сместување, посета на знаменитости, влезници за настани и манифестации, објекти, продажба на туристичка мапа, водич, разгледници и сл.

Во зависнот од развојот на ситуацијата обврските и активностите на инфо бирото можат да се зголемуваат во правец на подобрување на туристичката промоција на Битола односно ова биро да ја игра улогата на извршно тело на програмата за развој на туризмот.

Функцијата на бирото налага истото да биде лоцирано на препознатлива локација во централното градско јадро (искуствата покажаа дека е добро да биде со излог, достапен и во објект со културно-историско значење) или слична атрактивна локација.

**Предвидена Имплементација - Март-Април**

**1. Промотивни активности**

**Опис на активности**

- Издавање на туристички брошур 4 издание.
- Туристички разгледници
- Мапа на градот
- Изработка на маскота на градот-проект
- Избор и промоција на туристичко лого на Битола
- Интеренет промоции на домашни и странски портали, публикации и сл.
- Саеми и други туристички манифестаци
- Промотвни активности за обука на локалното население за подобар однос кон туристите.
- Промоција и стимулирање на велосипедскиот туризам
- Формирање Туристичка волонерска патрола-ТИМ
- Развој на туристички производ - Брендирање на туристички производ
- Обуки и стандардизација на туристичките субјекти
- Destination management organization - имплементација

Промотивните активности се и тоа како важен во процесот на подобрување на туристичката понуда, привлекување и анимирање на посетители и сл.Добро подготвената промотивна стратегија, квалитетно публикуваните промотивни мате-

ријали, нивната соодветна дистрибуција, се основни стандарди во промоцијата на туризмот на една средина.

**Имплеменатција: Февруари - Октомври**

**2. Инфраструктурни проекти и инвестиции**

**Опис на активности**

- ДУП за проект „Ниже Поле "туристички центар
- Проект за ревитализиацијa на старата чаршија- соработка на Општина Битола Мин.за култура
- Туристичка сигнализација 2 фаза
- Изградба на велосипедски патеки по ДУП.
- Поддршка на иницијативи за уредување и промовирање на нови микро локации за туристички излетишта

Дел од наведените проектни активности во делот на инфраструктура се предвидени како развојна компонента или фазно започнати во предходниот период, а ќе се реализираат во наредниот развоен приод во зависност од можностите и

**3. Тековни активности на одговорното лице за туризам**

- Контакт со ЗЕЛС и Агенција за промоција и поддршка на туризмот
- Контакт и поддршка на чинителите на туризмот во Општина Битола
- Одржување на средби, состаноци, обуки, работилници и др.со членовите за Координативното тело за туризам
- Иницирање акции, промотивни активности, проекти и сл. во насока на подобрување на условите за работа во областа на туризмот, и поквалитетна туристичка понуда на Битола.
- Посета на значајни туристички манифестации и воспоставување контакти од важност за развој на туризмот во Општина Битола.
- Одржување на база на податоци на туристички субјети и лиферување информации од важност за истите.
- Други активности во правец на развој на туризмот во Општина Битола

**Програма за развој на туризмот во Општина Битола за 2015 и динамика на имплементација и буџет**

| Реден број | Активност | Време | Буџет и извор на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1. | **Отворање на туристички инфо биро и промоција на истото.** | Март - Април | |
| 2. | **Промотивни активности** | Февруари - Октомври | |
| 3. | **Инфраструктурни проекти и инвестиции** | Тековна година | 300.000.00 Буџетска ставка G20 Потикнување на развој ан туризмот |
| 4. | **Тековни активности на одговорното лице (посета на настани, саеми, промоции, обуки,семинари, состаноци на координативното тело и учество во други активности релевантни за развој на туризмот во Општина Битола.** | Тековна година | |

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе ја определува Комисија составена од општинската администрација и стручни лица, врз основа на прибирање понуди за соодветни активности. Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола

Бр.09-125/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2017 година

1. Ја објавувам Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1471/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), а во врска со член 60 став 4 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08; 52/09; 144/09; 39/10; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14; 42/14; и 166/14), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2016 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2017 год.

Со оваа програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од предходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2017 год.

## ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2017година

## ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА Агенција за државни патишта на РМ

| Ред. број | Расходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на улици во зимски период | 10.927.946,40 |
| | **ВКУПНО:** | **10.927.946,40** |

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2017 година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 717112 | Надоместоци од комунална такси | 12.053.360,00 |
| 2. | 741113 | Трансфери од буџетот на Агенцијата за државни патишта на РМ | 10.927.946,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **22.981.306,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2017 година

| Ред. број | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | **Реконструкција на улици** | |
| | | Одржување на улици во зимски период (трансфер од Агенција за државни патишта) | 10.927.946,00 |
| | | Одржување на улици во зимски период | 2.570.342,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **13.498.288,00** |
| 2. | | **Регулирање на режим на сообраќај** | |
| | 424320 | Одржување на хоризонтална сигнализација (зебра + подолжна линија) | 4.000.000,00 |
| | 424320 | Одржување на вертикална сигнализација (знаци и патоказни табли) | 1.000.000,00 |
| | 424440 | Одржување и поправка на постоечка светлосна сигнализација-семафори | 874.984,00 |
| | 480190 | Купување на друга опрема | 3.258.034,00 |
| | 482940 | Надзор над изведбата | 350.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **9.483.018,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **22.981.306,00** |

Средствата во висина од **10.927.946,00 денари** кои се определени од Агенцијата за државни патишта на РМ се распределуваат на начин како што претходно потенцираме.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредуввање на градежното земјиште врши координација во реализација на програмата.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-125/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2016 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2017 година

1. Ја објавувам Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1471/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2016 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), а во врска со член 15 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/2004; 64/05; 92/07; и 123/12), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 23.12.2016 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2017 год.

Со Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2017 година се врши распределба на средствата што на Општина Битола и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.

Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување во сервисните и станбените улици на подрачјето на Општината и тоа:

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2017година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 717116 | Надоместок од комунална дејност за улично осветлување | 72.241.807,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **72.241.807,00** |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2017година

| Ред. број | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 421110 | Електрична енергија | 40.000.000,00 |
| 2. | 424440 | Поправки и одржување на опрема | 15.000.000,00 |
| 3. | 424390 | Одржување на улично осветление на други градби | 400.000,00 |
| 4. | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 13.241.807,00 |
| 5. | 482940 | Надзор над изградбата | 600.000,00 |
| 6. | 424440 | Новогодишно украсување | 2.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **71.241.807,00** |

**Треба да се нагласи дека Програмата е родово сензитивна. Имено, во програмата во ставката Изградба на капацитети во енергетиката се предвидува развој на нова мрежа на осветлување со што ќе се зголеми безбедноста и се одговори на потребите на жените. Со овој предлог во програма се предлага родово одговорен буџет во вкупен износ по оваа ставка од 13.241.807,00 денари.**

Средствата планирани за трошоци за потрошената електрична енергија ќе ги реализира ЕВН „Електро-Битола“ - Битола по утврдени микро реони за вклучување и исклучување на уличното осветлување.

Средствата планирани за трошоци за редовно одржување на инсталациите ќе ги реализираат регистрирани организации избрани по пат на јавен повик.

Надзор во редовното одржување на инсталациите и проверка на доставените извештаи и фактури за наплата на извршените работи ќе врши Одделението за комунални

дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

За спроведување на оваа Програма по однос на Динамиката и наменското користење на средствата ќе се грижи Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола и Комисијата за јавни и комунални дејности.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањетоа а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2018 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола "

Бр.09-125/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.12.2016 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2017 година

1. Ја објавувам Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 23.12.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1471/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
29.12.2016 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 94 став (4) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15; 226/15; 31/16 и 142/16), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 23.12.2016 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2017 год.

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален план и детални урбанистички планови за Општина Битола.

Со Програмата особено се утврдуваат:

- Подрачјата на кои ќе се врши уредување на градежното земјиште;
- Обемот на уредувањето и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
- Извори на финансирање на уредувањето;
- Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиштето;
- Начин на здружување и насочување на средствата за уредување;
- Динамика и мерки за извршување на Програмата.

И покрај тоа што се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште со оваа Програма, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создаваат услови за нивна ургентна реализација во текот на 2017 год.

## ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО

Во 2017 год. уредувањето на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат опфатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои треба да се отпочне со градба оваа година;
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години;

- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објектите кои ќе се градат во 2017 год. и наредните години.
- Поблиските податоци за подрачјата на кои ќе се врши уредувањето на градежното земјиште се дадени во поглавјето "Обем на уредувањето и степен на опремувањето на земјиштето со комунални објекти и инсталации."

## ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УРЕДУВАЊЕТО

Извори за финансирање на уредувањето на градежното земјиште се утврдени согласно Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл.Гласник на Општина Битола“ бр.09/13 и 01/14, и „Службен Весник на РМ“ бр.15/15; бр.98/15; бр.193/15;)

## ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА за утврдување на градежното земјиште на Општина Битола

| Ред. Бр. | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 76.303.365,00 |
| 2 | 713311 | Данок на промет на недвижности | 50.000.000,00 |
| 3 | 741115 | Дотации од ДДВ | 30.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **156.303.365,00** |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за уредување на градежното земјиште 2017 год

| Ред. бр. | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 482120 | Изградба на улици | 28.500.000,00 |
| 2 | 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 4.107.801,00 |
| 3 | 482200 | Изградба на мостови | 0,00 |
| 4 | 482320 | Изградба на пречистителни станици и колекторски системи | 18.198.136,00 |
| 5 | 482820 | Изградба на капацитети за енергетиката | 2.000.000,00 |
| 6 | 482920 | Изградба на други објекти | 12.900.000,00 |
| 7 | 482940 | Надзор над изградбата | 1.100.000,00 |
| | | **ВКУПНО I:** | **66.805.937,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | 482130 | Реконструкција на улици | 38.000.000,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на улици | 1.000.000,00 |
| | 482430 | Реконструкција на депонија за отпад | 0,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **39.000.000,00** |
| 10. | | | |
| | 82230 | Реконструкција на мостови | 0,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на мостови | 0,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **0,00** |
| 11. | | | |
| | 482730 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување | 12.485.433,00 |
| | 482940 | Надзор врз изведба на реконструкција на капацитети за водоснабдување | 300.000,00 |
